ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
0801-240
25.10 19

Градоначалник на Општина Свети Николе
тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911
e-mail: info@svetinikole.gov.mk
www.svetinikole.gov.mk

Врз основа на Одлука бр.0701-686 од 31.10.2008 год. и Одлука бр.0701-631 од 29.09.2008 год. донесени од Совет на Општина Свети Николе, Градоначалникот на општината го распишува следниот:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за прибирање на барања за користење на средства од Буџет на Општина Свети Николе за 2020 година, наменети за финансирање на програмски активности на здруженија на граѓани и фондации и спортски клубови и други форми на здружување во областа на спортот.

**1.** Потребна документација што здружението на граѓани / фондација треба да ја достави согласно Одлука бр.0701-686 од 31.10.2008 година:

- Документација од извршена регистрација во Централен Регистар на Р.М. и Статут (рок на регистрација да не е пократок од шест месеци од денот на поднесување на барањето за доделување на средствата за финансирање);
- Годишна програма за работа;
- Наративен и финансиски извештај за последните две години;
- Листа на реализирани домашни и меѓународни проекти и заеднички проекти со општината;
- Пополнет Формулар за аплицирање (потпишан и заверен од овластено лице) – кој може да се подигне од Канцеларијата за локален економски развој или на веб-страната на општината (svetinikole.gov.mk);

**2.** Потребна документација што здружението на граѓани / фондација треба да ја достави согласно Одлука бр.0701-631 од 29.09.2008 година:

- Соодветна документација за извршена регистрација, согласно позитивните законски прописи;
- Годишна програма за работа;
- Поднесување на извештај за работа во последните две години (се однесува на клубови кои постојат повеќе од две години), како и извештај за потрошените средства од Лигата во која се натпреваруваат спортските клубови;
- Број на деца и млади до 14 години и допринос за унапредување на здравјето и спортскиот дух кај младите генерации;

**3. Рок и начин на доставување на Барањата**

Рокот на поднесување на Барањата и целокупната документација е од 28.10.2019 год. до 11.11.2019 год. во Архива на Општина Свети Николе секој работен ден од 07:30 ч. до 15:30 часот.

Дополнителни информации можат да се добијат во Канцеларијата за локален економски развој во општината, кај лицата Ивица Арсов, Христина Арсова и Кристијан Бошков како и на ВЕБ страната www.svetinikole.gov.mk

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник**

**М-р Сашо Велковски**